Анета Јовковска

# БОЖЈОТО СЛОВО – ОСНОВА НА ПРАВОСЛАВНАТА ХРИСТИЈАНСКА ПЕДАГОГИЈА КАКО НАУКА

**Апстракт**

Православната христијанска педагогија не се заснова на философска идеја, туку на самото постоење на Црквата како нов сојуз помеѓу човекот и Бога. Во нејзината основа од една страна е Божјото слово, а од друга страна духовното искуство на Црквата. Нејзина задача, пак, е едукација за христијански поглед на светот – разбирање на светот, животот, човекот и неговото делување во светлината на Божјото слово и Божјото откровение.

Православната христијанска педагогија го прима и ползува Божјото слово како сила која го осветува секој миг од човековиот живот, секоја намера, секоја постапка, секое дело; како сила која продира длабоко во човековата душа; го разведрува и просветлува секое нејзино интимно катче и во неа ја создава онаа чиста духовна јаснотија без која не е можно да се достигне совршенството.

Бидејќи го прифаќа Божјото слово како основа, православната христијанска педагогија се изградува на камен кој не се руши од пороите на животот. На овој начин таа ги поставува градбените сили во еден континуиран пораст. Оттука, Божјото слово се јавува и како примарен фактор, но и како основен принцип на воспитување и поучување во православните духовни училишта.

*Клучни зборови:* православна христијанска педагогија, Божјо слово, наставни содржини, основни педагошки принципи, воспитување и поучување, духовен развој.

Педагогијата ја презема функцијата на плански и намерен развој на учениците. Постојат низа проблеми кои се вообичаени за сите педагошки системи, бидејќи структурно сите тие се условени од униформни закони. Затоа и содржините на образованието можат да бидат различни. Тие се целосно определени од идеалите што преовладуваат во општеството или одредена социјална група. Но, предмет на нашиот интерес не е световната, туку православната христијанска педагогија. Разликата помеѓу православната христијанска педагогија и кој било друг педагошки систем е во тоа што првата ги подготвува учениците не само за земниот живот, туку пред сѐ за животот во идниот век.

Со христијанството започнува нова онтолошка ера и тоа не претставува само комплекс на одредени човечки идеи, туку нов живот и нова личност која сведочи за своите нови мисли и чувства. Црквата е собир на „нови" луѓе кои ги споделуваат едни со други своите духовни искуства. Митрополитот Антониј Краповицки ја нарекува Црквата „собрание на човечката совест".[1] Новите луѓе тука пронаоѓаат и ново призвание: според светиот апостол Павле, сите сме повикани на светост. Така, животот на човекот добива посебна смисла и значење во христијанството.

Според горенаведеното, можеме да заклучиме дека православната христијанска педагогија не се заснова на филозофска идеја, туку на самото постоење на Црквата како нов сојуз помеѓу човекот и Бога. Во нејзината основа од една страна е Божјото слово, а од друга страна духовното искуство на Црквата, односно многубројните човечки патишта кон светоста. Од сето ова следува дека главна задача на православната христијанска педагогија е воведување на учениците во животот на Црквата и стекнување на вештини во социјалниот и личниот духовен живот. Покрај тоа, нејзина задача е едукација за христијански поглед на светот – разбирање на светот, животот, човекот и неговото делување во светлината на Божјото слово и Божјото откровение. Во потесна смисла, православната христијанска педагогија можеме да ја дефинираме како наука за воспитанието и поучувањето во православните духовни училишта чија задача е подготовка на учениците за христијанско служење, развивање на нивните дарби и воспитание на религиозните чувства и волјата во христијански дух.

---

[1] Митрополит Антоний (Храповицкий), *Возможна ли нравственная жизнь без христианской религии*, Казань, 1897, 7.

Како дел од наставниот оддел на практичното богословие, православната христијанска педагогија ги има за основно правило зборовите на светиот апостол Павле упатени кон неговиот ученик Тимотеј: „И сѐ што си чул од мене при многу сведоци, предај го на верни луѓе, кои се способни и други да научат“ (2.Тим. 2,2). Образовно-воспитната работа во духовните училишта, која е предмет на православната христијанска педагогија, во својата длабока суштина е токму такво „предание“ на спасителните божествени вистини на „верни луѓе“ кои при планомерна воспитна интеракција можат да станат „способни и други да научат“.

Додека омилитиката е наука за благовестието сред широката црковна средина, православната христијанска педагогија е наука за благовестието во потесната средина на духовното училиште; Додека пастирското богословие ја има за предмет пастирската грижа во парохијата, православната христијанска педагогија ја има за предмет грижата за правилно воспитување и поучување на учениците во духовните училишта. Оттука, православната христијанска педагогија е самостојна наука во кругот на практичното богословие и има свој сопствен, строго определен предмет или дел од практичната работа на Црквата – воспитна и образовна.

Заедно со другите богословско-практични науки, како: омилитиката, литургиката и пастирското богословие, православната христијанска педагогија се стреми во својата сопствена област да ги проучи и открие специфичните научно-педагошки и методски правила и норми, кои се однесуваат на исполнувањето на божествената заповед која ја дал Спасителот: „Одете и научете ги сите народи, крштевајќи ги во името на Отецот, и Синот, и Светиот Дух, и учејќи ги да пазат сѐ што сум ви заповедал“ (Матеј 28, 19-20).[2] Христијанската педагогија се стреми да одговори на прашањето, како таа голема заповед може и треба да се исполни во духовните училишта, каде што богословите не само теоретски, туку и практично се запознаваат со божествените вистини и се стремат да ги исполнат во сопствениот живот.

Многу се науките со кои православната христијанска педагогија има директна или индиректна врска, но центар на внимание е Божјото слово. Тоа е како идејна, така и методска основа на православната христијанска педагогија. Библискиот богооткровен идеализам со не-

[2] Според Т. Поптодоров, Д. Иван, *Православна християнска педагогика*, Универзи-тетско издателство „Св. Климент Охридски“ - София, 2006, 18.

говите две страни – метафизичката и етичката – е светлата концепција која проникнува во секој дел на педагошката теорија и пракса и им дава живот. Евангелските идеи за Бог, светот и човекот, за смислата и вредноста на човековиот живот, за неговиот континуиран религиозен и морален развој до уподобување на божествениот живот, до достигнување на божествената светост, се централни идеи на православната христијанска педагогија кои ја движат и ја прават јасна и определена. Патиштата кои ги открива Библијата за постепено усовршување на човекот и човековото општество, за расветлување и осветување на животот се откриваат и во православната христијанска педагогија како нејзини основни методи кои заедно со идејните метафизичко-етички претпоставки ја издвојуваат од секоја друга педагогија и ја градат како православна.

Така, православното христијанско училиште се разликува од световното, пред сѐ, поради тоа што си поставува за главна задача да го организира христијанскиот живот на учениците преку кој тие стекнуваат ново искуство на општење – општење во љубовта. Ова е можеби најзначајниот фактор и не подлежи на рационално регулирање. На прво место во православната христијанска педагогија стои воспитанието. Но, воспитанието овде не се согледува како развој на определени норми на однесување, туку како жива духовна реакција на она што се случува. Во православната христијанска педагогија нема кодекс на стандарди и примери според кои ученикот треба да се приспособи, туку животот на секого се вреднува според личниот пат и личниот труд и според тоа наставникот е должен да се ориентира.[3]

Воспитанието кое се спроведува во духот на вечната радост, сугерира запазување на принципот за усогласување со барањата на Божјото слово. Не е можно човек да го почувствува сјајот на божествената вечност, без да ги познава барањата на Божјото слово. Тоа е засадување на божествените вистини во душата, во карактерот, во мислите, во чувствата и поведението на секој богослов.

Недопустливо е да се спроведува воспитание во духовните училишта кое не е усогласено со барањата на Божјото слово затоа што тоа е токму онаа духовна сила која вистински просветува (Псалми 118,130), оживотворува (Псалми 118,50,93), препородува (1.Петр. 1,23), ја буди и распалува верата (Јован 20,31), ја крепи надежта (Рим. 15,4), води кон

[3] Според Г. Шестун, *Православна педагогија* (превод од руски), Крагујевац, 2013, 289.

благочестиви дела (1.Сол. 2,13) и создава радост (Псалми 118,111; 1.Јов. 1,4). Вистински блажени се оние кои го пазат Божјото слово и со радосно срце го усогласуваат својот живот со него (Псалми 118,2).

За воспитанието обично се вели дека треба правилно и разумно да насочува кон идеалот кон кој се водат учениците. Во духовните училишта на Црквата за правилно и разумно воспитание се смета она кое води кон вистинскиот пат посочен во Божјото слово. Затоа и секоја етапа од воспитниот процес треба да биде усогласена со него. Наставниците се должни при секоја наставна активност да се усогласуваат со Божјото слово и секогаш да си го поставуваат прашањето: Како би постапил Господ Исус Христос на мое место? Какво оправдание можам да најдам за оваа моја постапка во Божјото слово? Само на тој начин воспитанието и поучувањето можат да се движат успешно кон својата цел.

Свети Климент Александриски, еден од првите раководители на древното христијанско училиште во Александрија, во неговата книга „Педагог" зборува за трите фази на христијанското образование: поттикнување, воспитување и учење. Тие не се извршуваат истовремено, туку строго последователно: на почетокот доаѓа призвание кон верата; укажување на тоа дека во животот човекот може да го пронајде мирот и да сведочи за Царството Небесно. Потоа следува периодот на воспитание кога постои реално навикнување на тоа да се следат Божјите заповеди во животот, тренирање на волјата и облагородување на чувствата. И само после тоа следува учењето за високите вистини на Откровението кои се содржани во Светото Писмо како Божјо слово.[4]

Во текот на сите три фази, вистинскиот Учител според свети Климент Александриски е токму Господ Исус Христос. Токму Оној, Кој се грижи за секој човек, лично го води кон спасение. Оваа гледна точка не е специфична само за античката црква, туку токму спротивното: целата историја на Црквата сведочи за Божјата промисла која се реализира во личните судбини на луѓето. Таа мисла фигуративно светиот апостол Павле ја изразил вака: „Кој е, пак, Павле, а кој е Аполос? Не се ли тие слуги, преку кои вие поверувавте, и тоа според она, колку кому Господ му дал? Јас посадив, Аполос поли, но Бог направи да изра-

[4] Климент Александрийский, *Педагог*, Пер. с древнегреч. А. Ю. Братухина, Санкт-Петербург, 2018, 112.

сте. Затоа, ниту оној, кој сади, е нешто, ниту, пак, оној, што полива, а сѐ е Бог, Кој прави да израсте“ (1.Кор. 3,5-7).

Во Стариот завет истата мисла е изразена на овој начин: „Ако Господ не ја иззида куќата, залудно ќе се трудат градителите нејзини“ (Псалми 126,1). Господ е оној кој ја ѕида куќата на животот преку Неговото Слово и Неговата благодат. Човекот градител е само спроводник на благодатта – орган на Божјо слово. Бог е Оној Кој воспитува во Црквата преку Своето слово и благодат и Кој дејствува на еден или друг начин преку сите други фактори на воспитанието. Ако ја прифатиме оваа општа црковна гледна точка, ќе ја разбереме и улогата на наставникот во духовното образование на учениците. Ние не сме независни едукатори на детските души, туку соработници на Бога, Негови асистенти – помагачи на вистинскиот Учител чие слово сме должни да го разбереме и правилно протолкуваме.

Во тој случај, основата на православната христијанска педагогија може да биде претставена како најсуптилно следење на Божјата промисла во словото на божествената педагогија. Но, следењето на Божјата промисла е навистина голема работа. Наставникот стои до ученикот и му помага да го следи Божјото слово среде општиот „шум“ на животот. Така, наставникот секогаш се наоѓа на раскрсницата помеѓу три работи:

– личните особености на развојот на ученикот и неговата психолошка индивидуалност;

– Божјата промисла за ученикот и неговиот духовен пат и

– чувството за време - како се одвива во човековата историја Божествениот домострој.[5]

Нашето христијанско време е фундаментално различно од времето во Стариот завет. Книгата „Повторени закони“ содржи многу детален список на закони кои мора да се следат и објаснувања за нив, но во христијанството првенствено сме соочени со законот на љубовта. Според Спасителот, најголемите заповеди се заповедите на љубовта: „Сакај Го Бога и сакај го својот ближен како себеси!“. Избива прашањето како може да се реализира ова и како може да се научи? Сепак, токму овие заповеди ни ја откриваат крајната цел и задача на православното христијанско образование. Точно, оваа задача не ја извршува само училиштето, туку училиштето заедно со Црквата. Всуш-

[5] Според Л. Сурова, *Педагогика духовного развития. Статьи разных лет*, Храм иконы Казанской Божией Матери, 2014, 214–218.

ност, православната христијанска педагогија е вовед во Црквата. Таа го подготвува ученикот за духовен живот, но таа самата не треба да претендира за духовно раководство.

Сепак, ваквата соработка може да боледува од две болести: пасивност и самоволие. Пасивните наставници во Црквата обично се оправдуваат со зборовите: „Што можам да направам јас со моите мали сили?“, „Самиот Бог ќе направи сѐ како што треба, јас не морам да сторам ништо.“, „Нашите предци живееја со Бога без никаква педагогија.“ итн. Ваквото шпекулативно размислување обично се заснова на лажна смиреност, што е всушност полошо и од гордоста. Тие не сведочат за следење на Божјото слово, ниту за љубовта кон учениците, туку за духовното студенило кое е предвидено за крајот на времето како големо осиромашување на благодатта.

Да, соработникот не е ниту законодавец, ниту началник. „Сакам да бидам молив во Божјите раце“, рече еднаш мајка Тереза која целиот живот го посвети на милосрдието и сочувството. Да биде транспарентен и истовремено да биде ефикасен за да може да ја исполни Божјата волја – тоа е она кон кое треба да се стреми секој наставник. Стравот од донесување на одлука и преземање на товарот на одговорноста врз сопствените раменици може да го спречи наставникот правилно да ја извршува својата задача. Од друга страна, своеволието на наставникот не е помалку страшно, особено ако оваа волја се протега не само кон раководење на поведението на ученикот, туку и ако претендира да ја нападне и „светињата на светиите“ на ученикот – неговата душа.

Православната христијанска педагогија, токму затоа што е во сојуз со Црквата, мора јасно да го знае своето место, односно кругот на своите сили, бидејќи училишните активности не можат да бидат обдарени со никаков мистицизам или ритуализам. Оттука, можеме да сметаме дека православната христијанска педагогија има три облици на дејствување: училиште, Црква и дом. Но, во нејзиниот систем тие не се сметаат за посебни училишни предмети, туку како три различни области на христијански живот во кои ученикот треба да научи како да живее. Секоја од тие области има свои педагошки методи. Христијанската педагогија ќе ги опфати сите три области само тогаш кога ќе ја исполни својата задача, односно ќе му даде на ученикот точно знаење за вистината (училиште); ќе го научи да се моли со полно срце (преку учество на богослужбите) и ќе ги сочува христијанските идеали во реалното општење со луѓето (моралност).

На што се потпира православната христијанска педагогија како нејзина непогрешлива идеолошка основа? Врз она што ја сочинува и основата на православното богословие и богослужбената практика на Црквата: Светото писмо како Божјо слово, животната сила на Светите црковни тајни и Светото предание.

Во православната христијанска педагогија на Божјото слово се гледа како на „слово на вистината“ (Јак. 1,18), како на слово кое „е вистина“ (Јован 17,17), животоносна и спасителна вистина, која „го просветлува секој човек што доаѓа на светов“ (Јован 1,9). Православната христијанска педагогија го прима и ползува Божјото слово како сила која го осветува секој миг од човековиот живот, секоја намера, секоја постапка, секое дело; како сила која продира длабоко во човековата душа; го разведрува и просветлува секое нејзино интимно катче и во неа ја создава онаа чиста духовна јаснотија без која не е можно да се достигне совршенството.

Во педагошката теорија и пракса Божјото слово се прима како „живо и (кое) дејствува и (кое е) поостро од секаков меч со две острици“, способно да проникне „до разделување на душата и духот, до зглобовите и мозокот“ (Евр. 4,12). Тоа се прима и се чувствува не како човечко, туку како живо Божјо слово кое насадено во душата навистина дејствува воспитувачки и спасително (според Гал. 1,11-12; 1.Сол. 2,13; Јак. 1,21; 1.Кор. 15,1-2); како писание „од Бога вдахновено и полезно за поука, за изобличување, поправање и поучување во правдата за да биде Божјиот човек совршен и годен за секое добро дело“ (2.Тим. 3,16-17). Тоа се прима и се чувствува како слово спроведено во постапките и делата, како и во поведението на луѓето и служи како реална гаранција за достигнување на вечен живот (според Јован 5,24).

Имајќи го предвид непроценливото значење на Божјото слово во градењето на животот, Спасителот рекол: „Секој што ги слуша и исполнува овие Мои зборови, ќе биде како благоразумен маж кој си направил куќа на камен. И заврна дожд и надојдоа реки, и дувнаа ветрови, и навалија на таа куќа, но таа не падна, оти беше изградена од камен. А секој, што ги слуша овие Мои зборови и не ги исполнува, прилега на човек глупав, кој си направил куќа од песок. И заврна дожд, и надојдоа реки, и дувнаа ветрови, и навалија на таа куќа, и таа падна, а паѓањето ѝ беше страшно“ (Матеј 7,24-27).

Бидејќи го прифаќа Божјото слово како основа, православната христијанска педагогија се изградува на камен кој не се руши од

пороите на животот. На овој начин таа ги поставува градбените сили во еден континуиран пораст. Оттука, Божјото слово се јавува и како примарен фактор, но и како основен принцип на воспитување и поучување во православните духовни училишта.

Како врховен и најсовршен воспитувач, Бог делува на луѓето преку Светото писмо во кое е запишано Неговото Слово. Без Светото писмо сите други воспитни фактори ќе бидат бесплодни, затоа што сите од него црпат содржина и дух и на него се крепат. Во него живеат и го пронаоѓаат вистинскиот пат.

Но, наставникот треба секогаш да има предвид дека покрај Светото предание на Црквата постои и историско предание. Во животот тие се тесно испреплетени, а наставникот треба да знае да ги разликува за да не западне во догматизација на историските, етничките и културните особености на Црквата.

За да го конкретизираме ова, ќе го земеме за пример основањето на храмот: Мојсеј добил точен показател за тоа какво треба да биде местото каде што Бог ќе зборува со човекот. Првиот преносен храм беше скинијата. Три века подоцна, беше подигнат Ерусалимскиот храм и тој беше единствениот. Во наше време има многу храмови во сите земји каде што има христијани. Тие се многу различни едни од други според архитектонските карактеристики и декорацијата на ентериерот. Но, во сите храмови има непроменливи делови: крстот над куполата, олтарот, престолот, литургиските книги и светите садови. Тогаш, можеме ли да зборуваме за единствена слика на православниот храм? Очигледно не. Во секој случај, надворешната слика е различна, но внатрешната содржина и целта се единствени. Наставникот треба секогаш да се труди да го открие овој непогрешлив центар во традицијата на Црквата – свештената содржина на која било слика. Формите на постоење на оваа свештена содржина може да бидат различни.

Затоа, учениците треба да се поучуваат, пред сè, во содржината, а не во формата. Ова се однесува на сите области на знаење, но е од особено значење за формирањето и правилниот развој на духовниот живот кај учениците. Учењето на надворешните форми на благочестието никогаш не води до духовна длабочина. Формалното знаење е опасно затоа што при одредени услови тоа може да се перципира како суштинско. Можеби ова е најголемото искушение на православната христијанска педагогија. Во целост оваа соблазна го искушува православното училиште: стремежот да се воспитаат учениците во чис-

та православна вера често резултира со воспитување во ритуализам. Учениците стануваат зависни од една или друга форма на обредот. Тие престануваат да го чувствуваат центарот на светото, посветувајќи поголемо внимание на формата. Ритуализмот има и духовен корен: човекот се плаши да биде во потрага и во незнаење; за него е полесно да има пример кој ќе го следи и алгоритам на дејствување. Тоа му дава одредена поддршка и тој почнува да мисли дека знае како да живее и како да дејствува.

Колку повеќе истражуваме во животното искуство на Црквата, толку појасно станува дека содржината на православната христијанска педагогија не е само знаење и светоглед, туку многу повеќе метод на поучување. Ако ги споредиме двете работи: педагогијата и проповедта, ќе дојдеме до заклучок дека проповедта е слово на верата кое може да биде почеток на придвижувањето на човекот кон вистинскиот живот. Педагогијата, пак, е самото движење – заедничко движење на наставникот и ученикот во просторот на дијалогот. Словото на верата, секако, мора да се поврзе тука со делата на верата. Дури и проповедта на светиот апостол Павле во Аеропагот е необичен пример за ораторство, а ја слушнаа само неколкумина. После неговите зборови за воскресението на мртвите некои престанаа да слушаат, а само малкумина му пристапија.

За педагогијата е посоодветна неразделната слика на Марта и Марија – делување и размислување во име на христијанството: внимаваме на словото и делуваме според словото. Ова е првата заповед на наставникот и суштината на која треба да ги поучи и учениците. Ако ја намалиме педагогијата на проповедање, што честопати се случува во училиштата, ќе ги оставиме учениците сами. Животот на учениците не е само животот во Црквата, туку и животот во заедницата која ги опкружува дома, на училиште, на улица. Наставникот не може да ги научи учениците да живеат одделно од животот во овој свет. Ние не ја знаеме Божјата промисла и затоа треба да го насочиме ученикот кон живот кој е длабоко независен и целосен.

Некој од учениците ќе го избере монашкиот пат, некој ќе биде свештенослужител, некој ќе пее во црковниот хор, а некој, пак, ќе биде наставник. Затоа, наставниците не треба да ги поучуваат учениците со мислата дека сите тие ќе бидат свештенослужители во иднина, туку треба да едуцираат христијани кои ќе станат кадри да го покажат својот труд на различни начини во Божјата нива. Потребно е да се

пронајдат талантите во секој ученик посебно и да се даде соодветна поткрепа истите да се развијат и умножат. На тој начин училиштето станува училиште за вечен живот и почеток на патот кон самиот себе, кон своето вистинско „јас“. Не е тешко да му се пренесе на ученикот знаењето за Црквата, важно е да му се помогне да го започне неговиот духовен пат, градејќи се самиот себеси според Божјиот образ и подобие.

Сега можеме да ја разбереме кризата на схоластичкиот систем на христијанската педагогија, која, пред сè, се обидуваше да го „наполни“ ученикот со знаење. Но, знаењето не го одредува животот на ученикот. Во суштина, кризата на схоластиката е криза на поучувањето кое не е поврзано со воспитанието – пренесување на знаење без да се води грижа за духовниот развој на учениците. А духовното знаење кое не е поткрепено со личното искуство е способно повеќе да соблазнува, отколку да развива.

Самата историја на православната христијанска педагогија може да ни овозможи добра превентивна помош по однос на овој проблем. Педагошкото искуство на свети Јован Кронштатски со неговата жестока желба да ја разбуди Божјата љубов кај секој ученик во доцниот XIX и почетокот на XX век може да ни биде за пример на нас наставниците во денешно време.[6] Треба да ја разбереме традицијата во православната христијанска педагогија не како повторување и репродукција на стари, познати форми на наставниот процес, туку како единство со вистината, како раѓање на нови форми и методи на поучување во време кое содејствува со светата содржина на животот на Црквата. На таков начин и самиот концепт на развој во православната христијанска педагогија е прецизиран: Развојот е потрага и стекнување од страна на ученикот на нови форми на интелектуалното, емоционалното и духовното битие во традицијата и Преданието на Црквата.

Јазикот на Црквата мора правилно да биде разбран од страна на наставникот и да биде преведен на јазикот на денешното време, бидејќи Божјото слово е упатено до сите народи од сите времиња. Потребно е да се соедини детската душа, која сè уште не се познава самата себеси со живиот живот на целата Црква. Но, за да го направиме ова возможно, најпрво треба добро да ги познаваме учениците. Кои се

[6] Види И. Кронштадтский, *Мысли о различных предметах христианской веры* и нравственности, СПб., 1899 и Ј. Кронштатски, *Мој живот у Христу*, том I, Православна мисионарска школа при храму Светог Александра Невског, Београд, 2011.

нашите ученици и како влијае денешното време на нив? Наставникот мора да знае што може да направи за секој ученик посебно. Водењето на учениците, што всушност го означува и самиот збор „педагогија“, во најголема мера од која било друга улога зависи од тоа кого го водиме. Секоја личност е извонредна индивидуалност создадена од Бога. Задача на наставникот е да ја воочи таа посебност кај секој ученик и во согласност со тоа да поучува. Обидот да го префрлиме фокусот на нашето внимание кон ученикот е почеток на нашиот дијалог со него. Таквата задача ќе му помогне на наставникот да му се доближи на ученикот, да го разбере неговиот живот и неговите вредности. Поучување, а не само предавање! Всушност, тоа е највисоката форма на православното христијанско воспитание кое во својата основа го има Божјото слово.